ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-4201/1
Дата, Data 28-04-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија, член 3 став 1 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0202-809/5 од 27.01.2020 година и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а согласно Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0302-6823/1 од 27.08.2020 година и Планот за изменување и дополнување на годишен план за вработување за 2021 година арх.бр.0302-2133/4 од 09.03.2021 година, Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесе

О Д Л У К А

за утврдување потреба за вработување на даватели на јавна услуга во областа комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III, подгрупа 5 на неопределено време

Член 1

Се утврдува потреба за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III , подгрупа 5 на неопределено време за следните работни места:

1. КДР0305Б04101 Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата - домаќинство во Сектор Наплата – 1 извршител

2. КДР0305Б02046 Контролор во Одделение за контрола на корисници во Сектор Наплата – 1 извршител

3. КДР0305Б01050 Самостоен инженер во Одделение за електро-машински работи во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети– 1 извршител

4. КДР0305Б03003 Техничар за оперативна во Одделение за технички работи и услуги во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети– 1 извршител

5. КДР0305Б02184 Оператор на SCADA систем во Одделение за експлоатација на капацитети во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети – 1 извршител

6. КДР0305В02008 Водоинсталатер, монтер III- група во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток Сектор Водовод – 1 извршител

7. КДР0305В02008 Водоинсталатер, монтер III- група во Одделение за фекално и атмосферско одржување - Регион Југ во Сектор Канализација - 1 извршител

8. КДР0305В02008 Водоинсталатер, монтер III- група во Одделение за фекално и атмосферско одржување - Регион Север во Сектор Канализација - 1 извршител

Општите, посебните и дополнителните услови за работното место ќе бидат објавени во Јавниот оглас за вработување, согласно посебните законски прописи и Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација - Скопје.

Член 2

Јавниот оглас за вработување на давателите на јавни услуги да се објави во електронска форма на интернет страницата на ЈП Водовод и канализација -Скопје како и во најмалку три дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Времетраењето на јавниот оглас е 15 дена сметано од денот на неговото објавување во дневните весници.

Член 3

За реализирање на одлуката се задолжува Секторот Човечки ресурси.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
-Сектор Човечки ресурси x2
-Архива на директор
-Архива

ЈП Водовод и канализација - Скопје
Д и р е к т о р,
м-р Душко Весковски